12 - 209 / 4
03 . 03 . 25

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 03 март 2025 година донесе

## РЕШЕНИЕ

## за одобрување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## Образложение

Врз основа на член 74 став (8) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), со допис бр.13-582 од 30 јануари 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.12-209/1 од 30 јануари 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр.12-209/2 од 12 февруари 2025 година достави забелешки по Годишниот извештај. Службеникот за усогласеност на АД МЕПСО Скопје со допис бр.13-582/3 од 24 февруари 2025 година достави нов текст на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.12-209/3 од 25 февруари 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 03 март 2025 година одржа седница на која што донесе Решение за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година, доставен од службеникот за усогласеност.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-209/4**
**03 март 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2024 година, бр.13-584/3 од 24 февруари 2025 година